2101

**PRES-SERVIS**

NOVINSKO-IZDAVACKO PREDUZECE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE

Isečak iz lista
Newspaper cutting

НОВА МАКЕДОНИЈА
Скопје

10. XI. 1966

БИТОЛА

# Отворена е градската ликовна изложба

(Д. Димитровски)

Битола, ноември

На традиционалната градска ликовна изложба, што трае од 3 до 16 ноември, а ја организира Уметничката галерија „Моша Пијаде", овој пат излагаат десет битолски уметници: Стојан Апчевски, Димитар Димитровски — Такец, Ристо Димовски, Менде Ивановски, Тоде Ивановски, Панде Петров, Златко Спротик, Ранко Струменциковски, Борче Талевски и Коста Хаџи — Аандоновски. Сите излагаат вкупно 27 експонати во техниките — масло, графика, акварел и скулптури во дрво и гипс.

Паѓа в очи отсуството на сликарите од постарата генерација Борислав Трајковски и Петар Спировски, како и на Мира Спировска, и скулпторот Сотир Димовски кои наводно на поканата на Галеријата одговориле дека немаат нови творби. Оваа изложба во целост може да биде за нијанса подобра од претходната што беше организирана на 4 јули годинава, но таа сепак е под нивото на можностите на уметниците од овој град. Моменталната криза на битолското сликарство налага што побрзо формирање на градската ликовна задруга која би решила прилично проблеми на ликовен план. За постоење на ликовна задруга, или како првобитно беше наречена, ликовна работ на заедница, веќе има наклоност и поддршка кај општествено-политичките организации во Битола, така што нејзиното практично постоење може да ги даде и првите резултати.